**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 06.11.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5436 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;
2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонско радио - Прв програмски сервис;
3. **Период опфатен со надзорот**: од 22 до 31 октомври 2016 година;
4. **Датум на извршување на надзорот**: 6 ноември 2016 година;
5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
- **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
- **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Вкупното време новинарски прилози, емитувани во Пладневниот радио весник и во неделното централно информативно издание од 14 часот, што се однесуваат на внатрешно-политички и на општествени теми методолошки изделени како релевантни за анализа, во десетдневниот период од 22 до 31 октомври изнесува – 3 часа 23 минути и 59 секунди.

Фокусна информативна тема, новинарски обработена преку вести во низа и извештаи, во првите три дена од шестиот период за мониторинг на изборниот процес беше - спорот околу процедурата за пристап до одредени податоци од државниот безбедносен систем, важни за документирање на истрагата за аферата „Прислушкување", настанат во прв ред помеѓу - Специјалното јавно обвинителство и Управата за безбедност и контраразузнавање, спор во кој постапно, поради различни нивоа на одговорност и надлежност се вклучија и Министерството за внатрешни работи, Бирото за јавна безбедност и експерти од „Ериксон", шведскиот производител на комуникациска опрема за потреби на безбедносните системи.

Напоредно со оваа актуелна општествено-политичка тема, приоритет во новинарското дневно известување добија и подготовките на Државната изборна комисија за организација на изборниот процес: преку вести во низа, МР1 во Пладневниот радио весник информираше од прес-конференциите на ДИК за отворање јавен увид во избирачкиот список и информирање на граѓаните за роковите од постапката при потенцијална корекција на нивната евиденција како гласачи; за пријавувањето на гласачите од дијаспората; за активирање на роковите за политичките партии да доставаат предлози за членови во избирачките одбори; за тоа дека е започнат рокот за собирање потписи за поддршка на листите на кандидати за пратеници. Во овој контекст беше известено и за оспорувањето на легалноста на изборниот процес и на резултатите од гласањето - дилема официјално пред Уставниот суд отворена од партијата Унитети предводена од Гзим Острени, а во повеќе наврати со новинарски извештаи беше проследен и тековниот преговарачки процес за можни партиски коалицирања, и почетокот на изборниот мониторинг што го спроведува граѓанската асоцијација „Мост".

Извештајот „Дуинг бизнис" на Светската банка, посебно делот што се однесува за потенцијалите на македонската економија, најде место меѓу важните настани новинарски обработени низ извештај со изјави од релевантните официјални државни органи одговорни за економијата и за финансискиот систем на Република Македонија. Со вести во низа беше проследена работната посета што македонскиот претседател Ѓорге Иванов ја остварил со државниот врв на Република Србија.

Преку два новинарски извештаја во кои се пренесени поенти од официјалното соопштение на МВР, Македонското радио извести и за сообраќајната несреќа во која бил инволвиран Диме Спасов, дополнителниот заменик-министер за труд и социјална политика, а прочитани се и извадоци од засебни соопштенија на опозицискиот СДСМ и на Фросина Ременски, министерката за труд и социјална политика, како реакции по настанот.

Ако се има предвид безмалку 3 ипол часовниот обем новинарски прилози за актуелни општествени и внатрешно-политички теми, тогаш, во целина, обемот на известувањето стриктно за партиски активности е во втор план. При проследувањето поединечни партиски активности *(на пример: прес-конференции по различни теми и настани; организирани јавни настапи пред потенцијално гласачко тело; (ре)акции во однос на актуелни внатрешно-политички случувања)*, посебно оние што се креирани од владејачката ВМРО ДПМНЕ и од опозицискиот СДСМ, јавно перцепирани како носители на два главни, а спротивставени општествено-политички текови, забележливо е дека уредувачкиот пристап и информативното темпо на редакцијата од Пладневниот радио весник, како централна информативна емисија, во овој анализиран десетдневен период доминантно се води од бројноста и од хронологијата настани произлезени од дневниот партиски ангажман, а не е забележлива обмислена, професионална новинарска потреба најчесто употребуваните информативни жанрови - вест, вест во низа и извештај, да се согледаат и како социолошки концепти со потенцијал преку нив, пред сè - тематски да се обедини, да се сумира, и јавно да се презентира, професионално новинарски дистанциран - консолидиран и контекстуализиран плуралитет ставови и гледишта од тековната политичка дебата. Оттаму ризикот - уредувачката обврска за медиумски приказ на политичкиот плурализам, да се сведе на – математичка компензација, односно – на аналитички сосем несоодветна квантитативна споредба минутажи за застапеност на политичките субјекти во различни облици информативна програма. Недвојбено, во какофоничен општествено-политички амбиент, овие општи забелешки за можното влијание на поединечен медиум во динамиката на јавното мислење, не зависат исклучиво од вредносните проценки на уредувачкиот и на новинарскиот пристап кон содржината на тековните, актуелни општествено-политички настани, туку во

голема мерка произлегуваат и од идеолошкиот потенцијал во одреден (конзистентен) политички концепт, и, најшироко речено - од комуникациската креативност на политичките субјекти.

Во оваа смисла, очекувано, поради почетокот на официјалните рокови за спроведување на изборниот процес, зачестени се новинарските извештаи за партиските самопромотивни активности, но во Пладневниот радио весник информативната редакција тоа го прави преку класични облици на новинарски вести и извештаи, без тематизирање и коментирање во функција на нечие предизборно медиумско претставување, со точно определување на изворот на информацијата и нејзината функција во политичкиот контекст на предизборието. Како што е веќе споменато, предничат известувањата за самопромотивните активности на владејачката ВМРО ДПМНЕ (*на пример, во овој мониториран период - вестите во низа и извештаите за работните средби на врхушката на оваа партија со британски парламентарци*), и на опозицискиот СДСМ (*вестите во низа и соопштенијата за промоција на делови од предизборната програма, како и од партиските контра-реакции по повод активности на некои од министерствата или за партиските активности на ВМРО ДПМНЕ*).

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| Македонско радио 1 | | |
|---|---|---|
| **Политички субјект** | **Траење** | **Процент** |
| Специјално обвинителство | 00:02:58 | 1,46 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:04:21 | 2,13 % |
| Демократски сојуз | 00:02:24 | 1,18 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:26 | 1,19 % |
| Граѓански сектор | 00:15:54 | 7,80 % |
| Други субјекти | 00:43:08 | 21,15 % |
| Локална самоуправа | 00:05:06 | 2,50 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:16:55 | 8,29 % |
| СДСМ | 00:12:02 | 5,90 % |
| Без субјекти | 00:03:50 | 1,88 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:11:54 | 5,84 % |
| Влада на РМ | 00:32:23 | 15,88 % |
| ДИК и други органи | 00:07:51 | 3,85 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:18 | 0,15 % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:00:22 | 0,18 % |
| ТМОРО | 00:00:22 | 0,18 % |
| Собрание на РМ | 00:02:05 | 1,02 % |
| Претседател на РМ | 00:07:25 | 3,63 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:18:04 | 8,85 % |
| ФРОДЕМ | 00:00:30 | 0,24 % |
| МОРО - Работничка партија | 00:00:30 | 0,24 % |
| ДЕМОС | 00:00:30 | 0,24 % |
| Левица | 00:00:30 | 0,24 % |
| Унитети | 00:01:38 | 0,80 % |
| Јавно обвинителство | 00:03:46 | 1,85 % |
| Судство | 00:03:04 | 1,50 % |
| Коалиција за промени и правда | 00:01:41 | 0,83 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| АРМ | 00:02:04 | 1,01 | % |
| | **Вкупно: 03:23:59** | **100** | **%** |

За поширок увид во опфатот општествени текови што не се стриктно поврзани со партискиот интерес за организација и за спроведување на изборниот процес, во Пладневниот радио весник низ повеќеминутни извештаи редовно се известуваше за граѓанските активности и за меѓународните проекти што се одвиваат како важни настани за социо-политичкиот амбиент во државата (*Средба на Бил Николов, претседателот на Меѓународното движење за човекови права, со Метју Нимиц, специјалниот претставник на ООН во преговорите со Грција за т.н. „проблем со државното име" на Република Македонија; Саем за стипендии - „Студирај во странство"; активности на Стопанската комора и на Самостојниот синдикат за образование и наука; „Унапредување на студентското практикантство како линк меѓу образованието и бизнисот"; меѓународната конференција одржана во Скопје, организирана од Мисијата на ОБСЕ, под наслов - „Унапредување на соработката и заедничките пристапи во справувањето со трговијата со луѓе по должина на западнобалканската мигрантска рута"; истражувањето за животот на затворениčките, направено од Првиот форум за родова еднаквост, поддржан од фондацијата „Фридрих Еберт"; сезонска вакцинација против грип; почетокот од работата на државниот универзитет „Мајка Тереза"; „Добредојде во Франција", вториот саем за студии и за туризам организиран од Францускиот институт и од Универзитетската библиотека „Св. Климент Охридски"; граѓанскиот апел за посебна медицинска грижа во врска со ретките заболувања; нова мисија американски волонтери на „Мировниот корпус"; научната конференција во МАНУ - „Милениумското зрачење на Климент Охридски"*).

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| Македонско радио 1 | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| Специјално обвинителство | 00:01:13 | 1,85 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:02:06 | 3,19 | % |
| Граѓански сектор | 00:06:00 | 9,10 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:38 | 2,48 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:09:23 | 14,23 | % |
| Други субјекти | 00:09:51 | 14,94 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:03:39 | 5,54 | % |
| СДСМ | 00:06:34 | 9,96 | % |
| Влада на РМ | 00:11:39 | 17,67 | % |
| Левица | 00:00:40 | 1,01 | % |
| Унитети | 00:00:43 | 1,09 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:08:09 | 12,36 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:34 | 0,86 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:14 | 1,87 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:57 | 1,44 | % |
| АРМ | 00:01:36 | 2,43 | % |
| | **Вкупно: 01:05:56** | **100** | **%** |

***Сектор за програмски работи***